Што е граѓанинот и каде го бараме? Ја губиме граѓанственоста, но може ли да загубиме нешто што сме немале? Како всушност да се консолидира граѓанството? Прашања кои на трибината „Граѓанственоста денес: Француски и македонски предизивици“ ги отвори проф. д-р Ило Трајковски, уредник на едицијата „Социологија на граѓанственоста – една француска трилогија“. „Сите граѓански ставови заслужуваат еднаква почит и уважување“, потсетува Трајковски кој со преводот на овие дела и овозможи на македонската публика да ги запознае суштинските концепти и механизми карактеристични за социолошките теми на едноставен и достапен начин.




Амбасадорот на Република Франција во Македонија, НЕ Сирил Бомгартнер, во своето поздравно обраќање се осврна на образованието како место каде што може и треба да

се гради граѓанската свест, а проф. д-р Ратко Дуев, Деканот на Филозофскиот факултет потсети на граѓанственоста која овозможила пацификација на политичките навики со која било заменето насилството.




„Демократијата ферментира во граѓанските организации, тие се училница на демократијата, но тоа не е доволно. Граѓаните треба повеќе да ги вклучиме во јавноста и одлуките во нашата земја Проблемот е што не читаме, не разговараме доволно, но овие дела ќе бидат добар поттик да се здружиме и пронајдеме повеќе решенија за сите нас“, смета проф. д-р Гордан Георгиев.


CIVICA
MOBILITAS
Citizens for


CIVICA
Switzerland.